**НАСЛОВ НА ИНФОРМАЦИЈА и СОДРЖИНА**:

Врз основа на член 16 став 1 точка 10 и став 3 од Законот за здравствена заштита заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 153/19 и 180/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на _______________ донесе:

# П Р О Г Р А М А
## за обезбедување инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење шеќер и едукација за третман и контрола на дијабетесот за 2020година

Во Република Северна Македонија, Diabetes mellitus претставува едно од најчестите заболувања и според податоците од Националниот систем за електронски евиденции од областа на здравството - МојТермин дијагностицирани се околу 85,000 пациенти со дијабетес мелитус .

**1. Diabetes mellitus - тип 1** Овој вид на дијабетес е вообичаено се јавува на помлада возраст и застапен кај околу 3000 лица.

**2. Diabetes mellitus - тип 2** опфаќа 96% од сите дијагностицирани случаи од кои 47% се на инсулинска терапија, а останатите користат орална антидијабетична терапија..

## I. СОСТОЈБА СО ИНСУЛИН ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Во состав на ЈЗУ постојат Кабинети за дијабетес (вкупно 41), кои се во состав на универзитетски клинки, клинички болници, општи болници и здравствени домови.

Бројот на регистрирани лица со дијабетес кои се на инсулинска терапија во моментов во Република Северна Македонија е 40.000 од кои 3,000 се лица со тип 1 дијабетес и 37.000 со тип 2. Овој број секоја година расте. Согласно податоците од Интернационалната Дијабетолошка Федерација вкупната преваленца (дијагностициран и недијагницирн дијабетес) на дијабетесот изнесува 9.8% од населението на возраст од 25-70 години.

## II.ПРЕДНОСТИ И ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДЕНАТА ЦЕНТРАЛИЗИРАНА ЈАВНА НАБАВКА НА ИНСУЛИН ЗА 2020 ГОДИНА

Министерството за здравство ја спроведува Програмата за обезбедување на инсулин за 2020 година преку придржување до измените на Законот за здравствена заштита во делот за дијабетес мелитус, активностите на Националната комисија за дијабетес, интегрирањето на грижата за дијабетесот во МојТермин, Националното упатство за третман на дијабетес мелитус тип 2, како и останатите упатства за третман на дијабетес мелитус, контролите на лице место во инсулинските аптеки, контрола на залихите на инсулини редовните состаноци со докторите, фармацевтите и медицинските сестри вклучени во процесот на издавање на инсулинот.

## III. ПОТРЕБНИ ТИПОВИ И КОЛИЧИНИ НА ИНСУЛИН, ГЛУКАГОН, ИНСУЛИНСКИ ИГЛИ, ЛЕНТИ ЗА МЕРЕЊЕ ШЕЌЕР И ЕДУКАЦИЈА ЗА ТРЕТМАН И КОНТРОЛА НА ДИЈАБЕТЕС ЗА 2020 ГОДИНА

### 1.Финансиски средства кои се потребни за обезбедување на инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење на шеќерот во крвта за 2020 година

Износот на финансиски средства кои се потребни за обезбедување на инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење на шеќерот, потрошен материјал за инсулински пумпи за 2020 година се **749.655.000,00** денари.

| Бр. | АТЦ код | Генеричко име | фармацевтска форма | единечна мера | јачина | количина единечна мерка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | A10AB01 | Human insulin со кратко дејство | раствор за инјектирање | наполнето инјекциско пенкало/патрон 3mL | 100 IE/mL | 30000 пенкала /патрон |
| 2 | A10AB05 | Insulin aspart | раствор за инјектирање | наполнето инјекциско пенкало/патрон 3mL | 100 E/mL | 130000 пенкала /патрон |
| 3 | A10AB05 | fast acting insulin aspart (со брзо ултра дејство) | раствор за инјектирање | наполнето инјекциско пенкало/патрон 3mL | 100 E/mL | 6000 патрон/ пенкало |
| 4 | A10AB05 | Insulin aspart | раствор за инјектирање | вијала10 mL | 100 E/mL | 1100 вијали |
| 5 | A10AB05 | fast acting insulin aspart (со брзо ултра дејство) | раствор за инјектирање | вијала10 mL | 100 E/mL | 750 вијали |
| 6 | A10AB06 | Insulin glulisine | раствор за инјектирање | наполнето инјекциско пенкало/патрон 3mL | 100 E/mL | 55000 пенкало/ патрон |
| 7 | A10AB04 | Insulin lispro | раствор за инјектирање | наполнето инјекциско пенкало/патрон 3mL | 100 E/mL | 13250 пенкало /патрон |
| 8 | A10AD01 | Инсулини и аналози за инјектирање, средно- или долго дејствувачки комбиниран со брзо-дејствувачки insulin human (70/30 или 75/25) | суспензија за инјектирање | наполнето инјекциско пенкало /патрон 3mL | 100 E/mL | 550000 пенкало /патрон |
| 9 | A10AD05 | Инсулини и аналози за инјектирање, средно- или долго дејствувачки комбиниран со брзо-дејствувачки insulin aspart (30/70) | суспензија за инјектирање | наполнето инјекциско пенкало /патрон 3mL | 100 E/mL | 550000 пенкало /патрон |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **10** | A10AD04 | Инсулини и аналози за инјектирање, средно- или долго дејствувачки комбиниран со брзо-дејствувачки insulin lispro (75/25) | суспензија за инјектирање | наполнето инјекциско пенкало /патрон 3mL | 100 E/mL | 110000 пенкало /патрон |
| **11** | A10AD04 | Инсулини и аналози за инјектирање, средно- или долго дејствувачки комбиниран со брзо-дејствувачки insulin lispro (50/50) | суспензија за инјектирање | наполнето инјекциско пенкало /патрон 3mL | 100 E/mL | 28750 пенкало /патрон |
| **12** | A10AC01 | Human insulin (со средно дејство) | суспензија за инјектирање | наполнето инјекциско пенкало /патрон 3mL | 100 IE/mL | 350000 пенкало /патрон |
| **13** | A10AE05 | Insulin detemir | раствор за инјектирање | наполнето инјекциско пенкало/патрон 3mL | 100 E/mL | 175000 пенкало /патрон |
| **14** | A10AE04 | Insulin glargine 100E/mL | раствор за инјектирање | наполнето инјекциско пенкало/ патрон 3mL | 100 E/mL | 167500 пенкало /патрон |
| **15** | A10AE04 | Insulin glargine 300E/mL | раствор за инјектирање | наполнето инјекциско пенкало/патрон 1,5mL | 300 E/mL | 9000пенкало /патрон |
| **16** | A10AE06 | Insulin degludec | раствор за инјектирање | наполнето инјекциско пенкало/ патрон 3mL | 100 E/mL | 30000 пенкало /патрон |
| **17** | A10BJ03 | Lixisenatide | раствор за инјектирање | / | / | за 50 пациенти |
| **18** | A10BJ02 | Liraglutide | раствор за инјектирање | / | / | за 300 пациенти |
| **19** | A10BH01 | Sitagliptin | таблета или филм обложена таблета | / | / | за 150 пациенти |
| **20** | A10BX12/ A10BK03 | Empagliflozin | таблета или филм обложена таблета | / | / | за 100 пациенти |
| **21** | H04AA01 | Glucagon | Прашок и веихулум за раствор за инјектирање | наполнето инјекциско пенкало + вијала | 1 mg | 1350 вијали |

| | Инсулински игли | должина од | единечна мера | количина |
|---|---|---|---|---|
| 22 | Инсулински игли со силиконска површина | 4 mm | парче | 1,000,000 |

| | Инсулински игли | должина од | единечна мера | количина |
|---|---|---|---|---|
| 23 | Инсулински игли со силиконска површина | 6 mm. | парче | 3.500,000 |

**Ленти за мерење на шеќер во крв**

Со Програмата за 2020 година потребно е да се обезбедат и ленти за мерење на шеќерот во крвта. Во Програмата се предвидени 125 ленти месечно за секој пациент со дијабетес тип 1 . За лицата со дијабетес тип 2 предвидени се 350 ленти годишно.

**Ленти за мерење шеќер**

| Бр. | Ленти за мерење гликемија | единечна мера | количина |
|---|---|---|---|
| 24 | Ленти за мерење на гликемија за глукометри за пациенти со дијабетес мелитус тип 1 | лента | 6,000,000 |

| Бр. | Ленти за мерење гликемија | единечна мера | количина |
|---|---|---|---|
| 25 | Ленти за мерење на гликемија за глукометри за пациенти со дијабетес мелитус тип 2 | лента | 12,750,000 |

Во програмата за обезбедување инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење шеќер и едукација за третман и контрола на дијабетесот за 2020 година е предвидено снабдување на пациенти со дијабетес тип 1, согласно медицината базирана на докази и важечките прописи, со инсулински пумпи и потрошни материјали.

| Потрошен материјал за инсулински пумпи | Пакување |
|---|---|
| Инфузиски сет (9/6 мм канила и 109/58 цм пластичноцрево,А 1/10 | 2.750 |
| Резервоар за инсулин (1.8/3.0 мл) А 1/10 | 2,750 |
| Сензор за гликозно мониторирање со агол од 90 степени | 400 |
| Систем за континуирана испорака на инсулин | 30 |

| | |
|---|---|
| Систем линк за поврзување со сензор | 6 |

**2.Камп за едукација на деца со дијабетес– 185.000,00 денари**

Кампот е во организација на ЈЗУ УК за детски болести. Целта на кампот е едукација на лица со дијабетес тип 1 кај кои не е постигната добра гликорегулација, како и кај лица со дијабетес каде е потребно интервенција во терапијата. Основната идеја е преку едукативни сесии да бидат опфатени сите аспекти на дијабетес како што се прифаќање на состојбата, учење за правилна исхрана, физичка активност, подесување на доза на инсулин и секојдневно живеење со дијабетесот.

**3. Едукација за исхрана и физичка активност на високообразовни установи, средни и основни училишта- 60.000,00 денари.**

Предвидено е одржување на едукативнио сесии по основни и средни училишта со учениците и студентите од страна на специјалисти. Едукацијата се состои од т.н. структурирани едукативни сесии (дијабетес, хипогликемија, хипергликемија, инсулин, подесување на инсулинска доза за време на болести, физичка активност, исхрана, бременост, алкохол), спортски активности како и културни социјални настани. На овој начин се овозможува интервенција во иднината на младите, каде ќе се заштити нивното здравје. Едукацијата е во организација на Министерство за здравство во соработка со ЈЗУ Универзитетска клиника за ендокринологија,дијабетес и метаболички болести-Скопје

**4. Изработка на брошури и флаери за дијабетес-100.000,00 денари**

Изработка на брошури и флаери во боја со симптоми за хипогликемија и хипергликемија (ниско ниво на шеќерот во крвта и високо ниво на шеќерот во крвта), како би им се олеснило на лицата со дијабетес полесно да научат да ја препознаваат состојбата на хипогликемија и на хипергликемија. Симптомите треба да бидат означени сликовито и со детален опис и како да се препознае кој симптом индицира хипогликемија, а кој хипергликемија. Изработка на брошура (џебно издание) каде што би се наброиле сите прехрамбени артикли достапни на пазарот на Република Северна Македонија, па и пошироко со тоа кој колку јаглени хидрати содржи и како делува врз нивото на шеќер во крвта. Брошурата е замислена да биде џебно издание како би можел секој оној што има дијабетес да може да ја носи со себе, секаде и во секое време.

Изработката е во организација на Министерство за здравство. во соработка со ЈЗУ Универзитетска клиника за ендокринологија,дијабетес и метаболички болести-Скопје

| | **Рекапитулар** | ***Денари*** |
|---|---|---|
| 1 | **Финансиски средства кои се потребни за обезбедување на инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење на шеќерот во крвта за 2020 година** | **749.655.000,00** |
| 2 | **Камп за едукација на деца со дијабетес** | **185.000,00** |
| 3 | **Едукација за исхрана и физичка активност на високообразовни** | **60.000,00** |

| | | |
|---|---|---|
| | установи, средни и основни училишта | |
| 4 | **Изработка на брошури и флаери за дијабетес** | **100.000,00** |
| | **Вкупно потребни средства од Буџетот на Република Северна Македонија** | **750.000.000,00** |

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Северна Македонија”, а ќе почне да се применува од 1 јануари 2020 година.

**Бр.________________** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**____________2019 год.** **НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА,**

**С к о п ј е** **Зоран Заев**